# З А П И С Н И К

Од 24 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 10.04.2023 година (понеделник) во салата на општина Крива Паланка’’ со почеток во 12 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
5. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
6. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
7. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
8. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
9. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
10. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
11. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
12. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.
На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник Сашко Митовски
Секретар на општина Антонио Давитковски

Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски
Раководител на правни и општи работи Даниела Велковска

Раководител на Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура Никола Граматиков
Раководител на испекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска
Раководител на ЛЕР со овластување Валентина Ангеловска
Директор Директор на ЈП Комуналец Миле Макровски
Претставник од Центар за управување со кризи
Претставник од пензионерите

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 22-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 23-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 18 гласа ЗА.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог- Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности;
2. Предлог – Одлука за усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец' – Крива Паланка за 2022 година;
3. Предлог -Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година;
4. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година
5. Предлог – Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „ Калин Камен " - Крива Паланка;
6. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година
7. Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка;

8. Предлог – Одлука за давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров“;
9. Предлог-Одлука за давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје;
10. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на 2223подрачјето на Општина Крива Паланка;
11. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови;
12. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година;
13. Предлог-Одлука за донесување план за парцелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б`С, Општина Крива Паланка
14. Предлог-Одлука за за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка;
15. Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022;
16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022;
17. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;
18. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;
19. Статут на Општина Крива Паланка –пречистен текст .

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Предлог- Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности**

2.Предлог – Одлука за усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец' – Крива Паланка за 2022 година;

Директорот на ЈП Комуналец даде образложение по однос на точката

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска упати забелешки по однос на извештајот дека доста работи недостасуваат во истиот но исто така дека има работи кои се ставени а нема потреба од истите.Исто така според советничката во извештајот треба да бидат ставени и секторот за комунална хигиена и секторот за паркови и зеленило а истите не се наведени и побара образложение од кои причини не се ставени во извештајот.

Директорот даде образложение дека не е доставен целосен извештај од страна на службите

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување од страна на директорот дали е направена анализа на трошоците пред и после набавката на возилата за одржување на хигиена во градот.

Советничката Виолета С.Станојковска постави прашање до директорот колку нови приклучоци е извршено на новата водоводна мрежа бидејќи во извештајот имало наведено дека е направена замена на дел од старата водоводна мрежа.Исто така советничката побара образложение од страна на директорот за активностите кои се реализирани од програмата за 2022 година бидејќи имало наведено дека се планира реновирање на санитарните чворови на гробиштата, како друга активност било наведно да се внесе електронска евиденција на гробните места, било наведено дека на зелениот пазар ќе се стави во функција делот наменет за млечни производи и др.

Директорот Миле Марковски даде образложение на прашањата дадени од страна на советничката.

Советничката уште еднаш потенцираше дали треба да бидат известени корисниците или тие самите треба да поднесат барање до службите за да бидат приклучени на новата водоводна мрежа и колку нови приклучоци се направени во населба Лозаново и населба Бегови Бавчи.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА и 7 против ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Извештај за рабата на ЈП „Комуналец' – Крива Паланка за 2022 година;**

3.Предлог -Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе - **Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година**;

4.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување зошто во делот каде се наведени рокови за реализација на предвидени активности за развој на туризмот се ставени со рок за цела година а би требало да биде ставен пократок временски период. Според советничката

доаѓа летен период кога доаѓаат повеќе туристи и би требало порано да бидат информирани за сите акивности кои ќе бидат планирани од страна на општината.

Раководител на ЛЕР со овластување Валентина Ангеловска даде објаснување на забелешката од страна на советничката.

Советничката Ленче Илиевска не се согласува со одговорот на раководителката треба да има дефинирани рокови за сите предвидени активности за реализација на општината.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година**

5.Предлог – Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „ Калин Камен “ - Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за разрешување на член на Управниот Одбор на ЈП „ Калин Камен “ - Крива Паланка**

6.Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

7.Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Советничката Ленче Илиевска имаше дадено две забелешки и тоа дека според закон за заштита на лични податоци и закон за социјална заштита подносителот при доставување на барањето треба да даде само на увид фотокопијата од лична карта или патна исправа а не да ги доставува истите во документите и како втора забелешка зошто оваа одлука е реализирана од страна на одделение за финансиски прашања а не од одделение за социјална заштита.

Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска даде објаснување за забелешките од страна на советничката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2023/2024 година на територијата на Општина Крива Паланка**

8.Предлог – Одлука за давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за давање на согласност за отпис на основни средства на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка врз основа на Одлука на УО при СОУ„ Ѓорче Петров“ за усвојување на извештај за извршен попис на средства и извори на средства на крај на 2022 година во СОУ „Ѓорче Петров**“;

9.Предлог-Одлука за давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 5 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за давање на согласност за отстапување на електронска и електрична опрема од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје;**

10.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 5 воздржани ,Советот донесе - **Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**

11.Предлог- Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците Дол „Бабин Дол“, „Дол Житен Склад“, „Дол Грамаѓе 4“ и Дол „Ицев Дол“во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови;**

12.Предлог- Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,12 гласа ЗА ,1 воздржан и 6 против,Советот донесе **Одлука за изменување на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина**

**Крива Паланка бр. 09-3718/29 од 30.09.2022 година;**

13.Предлог-Одлука за донесување план за парцелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б`С, Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржан , Советот донесе - **Одлука за донесување план за парцелација составен дел на Урбанистички Проект со план за парцелација за Локалитет до Езерце КО Б`С, Општина Крива Паланка**

14.Предлог-Одлука за за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА,Советот донесе **- Одлука за донесување на Урбанистички план вон населно место за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, дел од КП483/3, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Крклја Општина Крива Паланка;**

15.Предлог- Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска даде забелешка по однос на Извештајот за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022 и смета дека истиот не е изготвен согласно законските прописи и акти не е комплетен и се поднесува по истекот на рокот за поднесување што исто така е спротивно на законот и не би требало да биде донесен на денешната седница.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за спроведување на Програмата за развој на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2022;**

16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа со Финансов извештај на Центарот за развој на Североисточен плански регион со завршна сметка за 2022;**

17.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 6651/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

18.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.5115/4 во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;**

19.Статут на Општина Крива Паланка –пречистен текст .

Претседателката на комисија за Статут и прописи Билјана Крстевска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледан Статутот на Општина Крива Паланка –пречистен текст и истиот бил усвоен со 3 гласа ЗА.

Со исцрпување на дневниот ред председателот ја заклучува 24-та седница на Советот на општина Крива Паланка

| | |
|---|---|
| Записничар | Претседател на Совет |
| Клара Стевановска | Изабела Павловска |